**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 18-4217/2
15 -08- 2018 година
Скопје

Врз основа на член 35 од Законот за градежните производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/15, 192/15, 53/16 и 120/2018), член 87 и член 88 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), постапувајќи по барањето на Тело за сертификација на градежни производи ДИПК ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО СКОПЈЕ, министерот за економија донесе:

# РЕШЕНИЕ

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ТЕЛО ЗА ОЦЕНА И ПОТВРДА НА ПОСТОЈАНОСТ НА СВОЈСТВАТА

1. СЕ именува Телото за сертификација на градежни производи, ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА, ДИПК ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО – Скопје, за вршење дејност за оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи, односно сертификација на градежните производи, почетна контрола на производниот погон и системот на фабричка контрола (FPC), континуиран надзор, оцена и евалуација на системот на фабричка контрола (FPC), (2+) за потребите на сертификација, за градежните производи:

- ѕидарски матлери,
- битуменски мешавини,
- агрегати,
- ѕидарски единици,
- бетон и
- адитиви за бетон.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Телото за сертификација на градежни производи ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА, ДИПК ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО – Скопје, со седиште ул. Петко Јанчевски бр. 41А – Скопје – Бутел, застапувано од Управител Марјан Димовски, поднесе барање за издавање на Решение за именување на тело за оцена и потврда на постојаност на својствата.

Телото за сертификација на градежни производи ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА, ДИПК ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО – Скопје, кон барањето ги поднесе следните документи:

- Потврда за регистрирана дејност од Централниот регистар на Република Македонија со број: 0809-50/150120180015127 од 13.03.2018 година;

- Тековна состојба издадена од Централниот регистер на Република Македонија бр. 0805-50/150120180015063 од 13.03.2018 година;

- Полиса за осигурување од професионална одговорност од дејноста за пријавени и настанати штети во времетраење на осигурувањето бр. 130310001052/00 со важност на осигурување до 20.12.2018 година од ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ АД СКОПЈЕ;

- Копии од обрасците М1/М2 за постојано вработениот стручен кадар: Васил Миладинов, дипл. град. инж., Ѓорѓи Догов, дипл. град. инж.; Јован Митревски, град. техничар; Горан Трајковиќ, дипл. град. инж. и Кристина Петрушева, дипл. инж. за арх.

- Извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех од Централен регистар на Република Македонија бр. 0904-50/150120180021237 од 11.04.2018 година;
- Изјави за непристрасност, објективност и доверливост во работењето од: Васил Миладинов, дипл. град. инж., Ѓорѓи Догов, дипл. град. инж.; Јован Митревски, град. техничар; Горан Трајковиќ, дипл. град. инж. и Кристина Петрушева, дипл. инж. за арх;

- Одлука за формирање на одбор за квалитет: Васил Миладинов – менаџер за квалитет; Ѓорѓи Догов – Раководител на Евро Консалтинг Сертификација и Јован Митревски – заменик раководител за Евро Консалтинг Сертификација.

- Сертификат за акредитација бр. СТ-014 издаден на 11.07.2011 година, со важност до 10.07.2022 година, на Тело за сертификација на градежни производи ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА, ДИПК ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО – Скопје, акредитиран од Институтот за акредитација на Република Македонија согласно барањата на стандардот МКС EN ISO/IEC 17065:2012. Прилог кон сертификатот за акредитација на тело за сертификација на производи е опсегот на акредитација.

Тело за сертификација на градежни производи ЕВРО КОНСАЛТИНГ СЕРТИФИКАЦИЈА, ДИПК ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО – Скопје, треба да го известува Министерството за економија условите од членот 35 ставите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8,) (9), (10), (11,) (12), (13), (14), (15) и (16) и член 41 од Законот за градежните производи, најдоцна 30 дена од денот на престанување на исполнување на условите.

Таксата од член 37 со тарифен број 156 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/93, 20/96, ... , 6/10 и 145/10) во износ од 2.000,00 денари, е залепена на поднесокот и поништена.

Поради напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**МИНИСТЕР,**
**Kreshnik Bekteshi**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
СКОПЈЕ

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- подносител на барањето
- архива

Изработил: Љубомир Митров
Контролирал: д-р Борка С. Герасимовска,
Билјана Мицковска
Согласен: Блерим Златку
Одобрил: Зоран Павловски, државен секретар